International
Labour
Organization

# Декларација на МОТ за социјална правда заради праведна глобализација

донесена од Меѓународната конференција на трудот
на деведесет и седмата сесија,
Женева, 10 јуни 2008 година

# Декларација на МОТ за социјална правда заради праведна глобализација

донесена од Меѓународната конференција на трудот
на деведесет и седмата сесија,
Женева, 10 јуни 2008 година

ISBN 978-92-2-825232-3 (print); 978-92-2-825233-0 (web)

*Издадено во 2011 година*

Ознаките вклучени во изданијата на МОТ, коишто се во согласност со практиката на Обединетите нации и презентацијата на материјалот содржан во нив не упатува на каков било став на Меѓународната канцеларија на трудот во поглед на правниот статус на која било земја, област или територија или на нејзините власти или во поглед на нејзините граници.

Упатувањата до називите на фирмите и комерцијалните производи и процеси не вклучуваат одобрување од страна на Меѓународната канцеларија на трудот и секое неспоменување на одредена фирма, комерцијален производ или процес не е знак на неодобрување.

Изданијата на МОТ може да се добијат во поголемите книжарници или во локалните канцеларии на МОТ во многу земји или директно од ILO Publications, International Labour Office, CH-1211 Geneva 22, Switzerland. Каталозите или списоците со нови изданија се бесплатни и може да се нарачаат од горенаведената адреса или преку е-пошта: pubvente@ilo.org.

Посетете ја нашата интернет-страница: www.ilo.org/publns.

# ПРЕДГОВОР

Меѓународната организација на трудот едногласно ја донесе *Декларацијата на МОТ за социјална правда заради праведна глобализација* на 10 јуни 2008 година. Ова е трета поважна декларација на принципите и политиките донесени од Меѓународната конференција на трудот по Уставот на МОТ од 1919 година. Се заснова на Декларацијата од Филаделфија од 1944 година и Декларацијата за основните принципи и права на работа од 1998 година. Декларацијата од 2008 година ги содржи современите визии на мандатот на МОТ во време на глобализација.

Оваа Декларација со стандарди е моќна потврда на вредностите на МОТ. Претставува резултат од трипартитните консултации што започнаа по објавувањето на извештајот на Светската комисија за социјалната димензија на глобализацијата. Со донесувањето на тој текст, претставниците на владите, организациите на работодавачите и на работниците од 182 земји-членки ја истакнаа клучната улога на нашата трипартитна организација во поттикнувањето на постигнување напредок и социјална правда во контекст на глобализацијата. Заеднички, тие се обврзаа да го унапредат капацитетот на МОТ заради остварување на овие цели, преку Агендата за пристојна работа. Со Декларацијата се институционализира концептот за пристојна работа што е развиен од МОТ во 1999 година, поставувајќи го во суштината на политиките на Организацијата за постигнување на уставните цели.

Декларацијата доаѓа во суштински политички момент, одразувајќи го широкиот консензус за потребата од посилна социјална димензија на глобализацијата во постигнувањето на подобрен и праведен исход за сите. Претставува компас за унапредување на праведната глобализација врз основа на пристојна работа, како и практична алатка за забрзување на напредокот во спроведувањето на Агендата за пристојна работа на национално ниво. Исто така, ги одразува продуктивните перспективи со истакнување на важноста на одржливите

претпријатија во создавањето поголеми можности за вработување и приход за сите.

Агендата на МОТ се здоби со голема меѓународна поддршка на највисоко политичко, регионално и глобално ниво, којашто кулминираше на Светскиот самит на Обединетите нации во 2005 година. По тој повод, шефовите на државите и владите изјавија: *„Ние силно ја поддржуваме праведната глобализација и одлучни сме да ги оствариме целите за целосно и продуктивно вработување и пристојна работа за сите, вклучувајќи ги и жените и младите, суштинска цел на нашите односни национални и меѓународни политики, како и на нашите национални стратегии за развој“.* Оваа изјава се заснова на заложбите од Светскиот самит за социјален развој од 1995 година.

Со Декларацијата се одразува универзалноста на Агендата за пристојна работа: сите земји-членки на Организацијата мора да ги спроведуваат политиките што се засноваат на стратегиските цели – *вработување, социјална заштита, социјален дијалог и права на работа.* Во исто време, се нагласува холистичкиот и интегриран пристап, признавајќи дека овие цели се „неразделни и заемно поврзани“, на тој начин осигурувајќи ја улогата на меѓународните стандарди на трудот, како корисно средство за постигнување на сите цели.

Со Декларацијата се повикува МОТ да им помогне на земјите-членки во нивните напори за нејзино спроведување, во согласност со националните потреби и околности. За таа цел, се поставува како предизвик пред Меѓународната конференција на трудот, раководниот орган и Меѓународната канцеларија на трудот, сигнализирајќи дека „Организацијата треба да врши ревизија и да ги приспособува институционалните практики за подобрување на владеењето и градењето капацитет, во насока на најдобро искористување на човечките и финансиските ресурси и единствените предности на трипартитната структура и системот со стандарди“. Следствено, Организацијата и земјите-членки мора да ги мобилизираат сите достапни средства за делување, на национално и меѓународно ниво, да ги унапредат целите на Декларацијата и да ги спроведуваат своите заложби на најефикасен и најефективен начин.

Со Декларацијата, лидерите и носителите на одлуките имаат урамнотежен пристап што ги поврзува луѓето и продуктивните решенија, во исто време нудејќи заедничка платформа за управување на меѓународно ниво. Придонесува кон кохерентност на политиката за одржлив развој во националните политики, помеѓу меѓународните организации и во соработката за развој, приближувајќи ги социјалните, економските и еколошките цели. Во таа насока, се истакнува дека меѓународните и регионалните организации со мандат во тесно поврзаните области може да имаат важна улога во спроведувањето на интегрираниот пристап што се бара и ги повикува на унапредување на пристојната работа. Се наведува дека политиките за трговскиот и финансискиот пазар имаат влијание врз вработувањето, додека улогата на МОТ е да го процени влијанието врз вработувањето за да се постигне целта на поставување на вработувањето во фокусот на економските политики. Со Декларацијата, исто така, се повикува на развој на нови партнерства со ненационалните субјекти и економски актери, како што се мултинационалните претпријатија и синдикатите што функционираат на глобално секторско ниво, со цел да се подобри ефикасноста на оперативните програми и активности на МОТ.

*Декларацијата за социјална правда заради праведна глобализација* е уште една потврда на вербата во МОТ. Се заснова на вредностите и принципите вградени во Уставот на МОТ и ги зајакнува заради справување со предизвиците од 21-от век. Ја одразува довербата на МОТ во релевантноста на визијата и мандатот, како и целосната заложба за преземање на тековните одговорности. Декларацијата доаѓа во време на сè пораширена несигурност во областа на вработувањето, постојани примери на злоупотреба на работничките права, зголемена загриженост во однос на развојот на глобализацијата и потреба за меѓународните организации заеднички да работат по овие прашања. Пред сè, се истакнува единствената компаративна предност и легитимност на МОТ што се заснова на трипартитност и богато и комплементарно практично искуство на владите, работодавачите и работниците од земјите-членки за уредување на економските и социјалните политики што имаат влијание врз животите на

луѓето. Исто така, потсетува на долгорочноста на методот на работа што се заснова на социјалниот дијалог, како темел за градење консензус, којшто претставува знак за надеж во светот каде што дијалогот е отежнат.

*Декларацијата за социјална правда заради праведна глобализација* го одбележува најважното обновување на Организацијата од Декларацијата од Филаделфија. Претставува историска можност и одговорност за зајакнување на капацитетот на МОТ. Заедно со сите оние што ги споделуваат аспирациите од Декларацијата, можеме да оствариме конвергентност на националните и меѓународните политики што водат до праведна глобализација и поголем пристап до пристојна работа за жените и мажите насекаде. Може сите да се здружиме за да го реализираме тоа и да се придвижиме во насока на поголемо почитување на човечкото достоинство и глобален просперитет, заради исполнување на потребите и надежите на луѓето, семејствата и заедниците ширум светот.

Хуан Сомавија,

Генерален директор

# ДЕКЛАРАЦИЈА НА МОТ ЗА СОЦИЈАЛНА ПРАВДА ЗАРАДИ ПРАВЕДНА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА

Меѓународната конференција на трудот, на состанокот во Женева, по повод деведесет и седмата сесија,

Имајќи предвид дека постојниот контекст на глобализација, којшто се карактеризира со дифузија на нови технологии, проток на идеи, размена на стоки и услуги, зголемување на капиталните и финансиските текови, меѓународниот аспект на деловното работење и деловните процеси и дијалог, како и движењето на лицата, особено жените и мажите на работна возраст, сериозно ја менува состојбата со вработувањето:

– од една страна, процесот на економска соработка и интеграција им помогна на голем број земји да ги искористат придобивките од високите стапки на економски пораст и креирање на работни места, да апсорбираат голем број од руралните сиромашни лица во модерната урбана економија, да напредуваат во остварувањето на нивните развојни цели и да поттикнуваат иновација во развојот на производи и размената на идеи;
– од друга страна, глобалната економска интеграција предизвика голем број земји и дејности да се соочат со големи предизвици во поглед на нееднаквоста во приходот, постојаното високо ниво на невработеност и сиромаштија, ранливоста на економиите на надворешни влијанија и порастот на незаштитената работа и неформалната економија, коишто имаат влијание врз работните односи и заштитата што може да произлезе од нив;

Препознавајќи го фактот дека постигнувањето на подобрен и праведен исход за сите е уште понеопходно во овие околности за остварување на универзалните аспирации за социјална правда, за постигнување на целосна вработеност, за осигурување на одржливост на отворените општества и глобалната економија, за постигнување на социјалната кохезија и за борба против сиромаштијата и сè поголемите нееднаквости;

Имајќи предвид дека Меѓународната организација на трудот има клучна улога во промовирањето и постигнувањето напредок и социјална правда во средина што постојано се менува:

– врз основа на мандатот предвиден во Уставот на МОТ, вклучувајќи ја и Декларацијата од Филаделфија (1944 г.), којашто и понатаму е применлива на состојбата во дваесет и првиот век и треба да ја инспирира политиката на земјите членки и којашто, меѓу останатите цели, намени и принципи:
  - ☐ потврдува дека трудот не е стока и дека сиромаштијата каде и да било претставува опасност за напредокот насекаде;
  - ☐ потврдува дека МОТ има свечена обврска да ги унапредува програмите во земјите ширум светот, коишто ќе овозможат постигнување на целите за целосно вработување и подигање на животниот стандард, минималната плата за пристоен живот и проширување на мерките за социјално осигурување, заради обезбедување на основен приход на сите што им е потребен, покрај сите други цели утврдени во Декларацијата од Филаделфија;
  - ☐ наметнува на МОТ одговорност за проверка и анализа на сите меѓународни економски и финансиски политики во однос на основните цели на социјалната правда; и
– врз основа на и потврдувајќи ја Декларацијата на МОТ за основните принципи и права на работа и последователната декларација (1998 г.), каде што земјите-членки, во реализацијата на мандатот на организацијата, ја препознаваат

особената важност на основните права: слобода за здружување и ефективно препознавање на правото за колективно договарање, елиминирање на сите форми на принуден или задолжителен труд, ефикасно укинување на детскиот труд и елиминирање на дискриминацијата во однос на вработувањето и професијата;

Охрабрени од признавањето на пристојната работа, како ефикасен начин за справување со предизвиците на глобализацијата, од страна на меѓународната заедница, имајќи ги предвид:

– исходите од Светскиот самит за социјален развој од 1995 година во Копенхаген;
– широката поддршка, којашто се изразува на глобално и регионално ниво, за концептот на пристојна работа, развиен од страна на МОТ; и
– поддржувањето, од страна на шефовите на државите на Светскиот самит на Обединетите нации во 2005 година, на праведната глобализација и целите за целосно и продуктивно вработување и пристојна работа за сите, како суштински цели на нивните односни национални и меѓународни политики;

Убедени дека во свет на сè поголема меѓусебна зависност и сложеност на меѓународниот аспект на производството:

– основните вредности на слободата, човечкото достоинство, социјалната правда, безбедност и недискриминација се суштински за одржливиот економски и социјален развој и ефикасност;
– социјалниот дијалог и практиките на трипартитност меѓу владите и репрезентативните организации на работници и на работодавачи во и надвор од границите се сега посуштински во изнаоѓањето решенија и градењето социјална кохезија и владеење на правото преку, меѓу другото, меѓународните стандарди на трудот;

- важноста на работните односи треба да се признае како средство за обезбедување правна заштита на работниците;
- продуктивните, профитабилни и одржливи претпријатија, заедно со цврстата социјална економија и способниот јавен сектор, се од клучно значење за одржливиот економски развој и можностите за вработување; и
- Трипартитната декларација на МОТ за принципите што се однесуваат на мултинационалните претпријатија и социјалната политика (1977 г.), ревидирана, со којашто се регулира сѐ поголемата улога на таквите актери во реализирањето на целите на Организацијата е од особена важност; и

Препознавајќи го фактот дека постојните предизвици упатуваат на интензивирање на напорите на Организацијата и мобилизирање на сите средства за делување, во насока на унапредување на уставните цели и дека за да може напорите да се реализираат и да се зајакне капацитетот на МОТ за помагање на напорите на земјите-членки во постигнувањето на стандардите на МОТ во контекст на глобализацијата, Организацијата мора:

- да осигури кохерентност и соработка во пристапот за унапредување на развојот на глобалниот и интегриран пристап, во согласност со Агендата за пристојна работа и четирите стратегиски цели на МОТ, а врз основа на синергиите меѓу нив;
- да ги приспособи меѓународните практики и управување заради подобрување на ефикасноста и ефективноста со целосно почитување на постојната уставна рамка и процедури;
- да им помага на членките да ги задоволат потребите што се изразени на национално ниво, врз основа на трипартитните дискусии, преку обезбедување на висококвалитетни информации, совети и технички програми во насока на задоволување на тие потреби во контекст на уставните цели на МОТ; и

– да ја унапредува политиката на МОТ за утврдување на стандарди како основа за активностите на МОТ со зголемување на важноста за состојбата со вработување и осигурување на улогата на стандардите како корисно средство за постигнување на уставните цели на Организацијата;

Следствено, на десетти јуни две илјади и осма година ја донесува следната Декларација.

## I. Опсег и принципи

Конференцијата признава и изјавува дека:

A. Во контекст на забрзаните промени, заложбите и напорите на земјите-членки и Организацијата за спроведување на уставниот мандат на МОТ, вклучително преку меѓународните стандарди на трудот, и за поставување на целосното и продуктивно вработување во фокусот на економските и социјалните политики, треба да се засноваат на четирите еднакво важни стратегиски цели на МОТ, преку коишто се одразува Агендата за пристојна работа и коишто може да се резимираат како што следува:

(i) унапредување на вработеноста со креирање на одржлива институционална и економска средина, во којашто:

– поединците може да ги развиваат и надградуваат потребните капацитети и вештини што ќе им овозможат продуктивно вработување, заради нивно лично исполнување и општа добросостојба;

– сите претпријатија, јавни или приватни, се во можност да понудат пораст и поттикнување повисока стапка на вработување и можности за приход и напредок за сите; и

– општествата може да ги постигнат нивните цели за економски развој, добар животен стандард и социјален напредок;

(ii) развој и подобрување на мерките за социјална заштита – социјално осигурување и заштита на трудот - коишто се одржливи и приспособени на националните околности, вклучувајќи:

– проширување на социјалното осигурување на сите, вклучувајќи ги мерките за обезбедување основен приход за сите во случај на потреба од таква заштита и приспособување на опсегот и опфатот со цел да се задоволат новите потреби и несигурноста што бележи пораст поради технолошките, општествените, демографските и економските промени;

– здрави и безбедни услови за работа; и

– политики во однос на платите и надниците, работното време и другите услови за работа, испланирани на тој начин што ќе се осигури праведна поделба на придобивките од напредокот за сите и минимална плата за сите вработени и за оние што имаат потреба од таква заштита; *

(iii) промовирање на социјален дијалог и трипартитност како најсоодветни методи за:

– приспособување на спроведувањето на стратегиските цели кон потребите и околностите во секоја земја;

– пренесување на економскиот развој во социјален напредок, а социјалниот напредок во економски развој;

– олеснување на градењето консензус за релевантните национални и меѓународни политики што имаат влијание врз стратегиите и програмите за вработување и пристојна работа; и

---

* Забелешка на уредникот: При изготвувањето на овој текст, приоритет се даваше на секој јазик за да се постигне усогласеност со службената верзија на член III(г) од Декларацијата од Филаделфија, донесена од страна на Меѓународната конференција на трудот во 1944 година.

– ефектуирање на законот за труд и институциите, вклучувајќи го, во поглед на признавањето на работните односи, унапредувањето на добрите индустриски односи и градењето на ефикасни инспекциски системи; и

(iv) почитување, унапредување и реализирање на основните принципи и права на работа, коишто се од особено значење, бидејќи и правата и соодветните услови што се неопходни за целосна реализација на сите стратегиски цели, имајќи ги предвид:

– слободата на здружување и ефикасното признавање на правото на колективно договарање се од суштинско значење за постигнувањето на четирите стратегиски цели; и

– дека повредата на основните принципи и права на работа не може да се применува или на друг начин да се користи како легитимна споредлива предност и дека стандардите на трудот не треба да се користат за протекционистички намени.

Б. Четирите стратегиски цели се нераздвојни и меѓусебно поврзани. Неунапредувањето на една од нив ќе има негативно влијание врз напредокот на другите. Со цел да се оптимизира нивното влијание, напорите за нивно унапредување треба да бидат дел од глобалната и интегрирана стратегија на МОТ за пристојна работа. Родовата еднаквост и недискриминацијата мора да се разгледуваат како меѓусекторски прашања во рамки на горенаведените стратегиски цели.

В. Како земјите-членки ќе ги постигнат стратегиските цели е прашање што мора да го реши секоја земја-членка, врз основа на постојните меѓународни обврски и основните принципи и права на работа со осврт, меѓу другото, на:

(i) националните услови и околности, потребите и приоритетите изнесени од страна на репрезентативните организации на работодавачи и на работници;

(ii) меѓусебната зависност, солидарност и соработка меѓу сите земји-членки на МОТ кои се поважни од кога и да било во контекст на глобалната економија; и

(iii) принципите и одредбите од меѓународните стандарди за трудот.

## II. Метод на спроведување

Конференцијата понатаму признава дека, во рамки на глобализираната економија:

A. Спроведувањето на Дел I од оваа декларација бара ефикасна помош од МОТ во напорите на земјите-членки. За таа цел, Организацијата треба да врши ревизија и да ги приспособува институционалните практики за подобрување на владеењето и градењето капацитет, во насока на најдобро искористување на човечките и финансиските ресурси и единствените предности на трипартитната структура и системот со стандарди, во однос на:

(i) подобреното разбирање на потребите на земјите-членки, во поглед на секоја од стратегиските цели, како и минатите активности на МОТ за нивно реализирање во рамки на соодветната точка од агендата на Конференцијата, со цел:

– да се одреди како може МОТ поефикасно да ги задоволи тие потреби преку координирана примена на сите средства за делување;

– да се одредат неопходните ресурси за задоволување на овие потреби и доколку е соодветно, да се привлечат дополнителни ресурси; и

– да се насочуваат Раководниот орган и канцеларијата во нивните одговорности;

(ii) зајакнувањето и насочувањето на техничката соработка и експертиза со цел:

– да се поддржат и помогнат напорите на поединечните земји-членки во постигнувањето напредок на трипартитна основа за сите стратегиски цели, преку националните програми за пристојна работа, каде што е соодветно, и во рамки на системот на Обединетите нации, и

– да се помогне, каде што е неопходно, институционалниот капацитет на земјите-членки, како и на репрезентативните организации на работодавачи и на работници, за олеснување на значајна и кохерентна социјална политика и одржлив развој;

(iii) унапредувањето на заемното познавање и разбирање на синергиите помеѓу стратегиските цели преку емпириска анализа и трипартитни дискусии за конкретните искуства, со доброволна соработка на засегнатите земји и во однос на известувањето за носењето на одлуките на земјите-членки, во поглед на можностите и предизвиците на глобализацијата;

(iv) на барање, обезбедувањето помош на земјите-членки што сакаат заеднички да ги унапредат стратегиските цели, во рамки на билатералните или мултилатералните договори, во согласност со нивната компатибилност со обврските на МОТ; и

(v) развојот на нови партнерства со ненационалните субјекти и економски актери, како што се мултинационалните претпријатија и синдикатите што функционираат на глобално секторско ниво, со цел да се подобри ефикасноста на оперативните програми и активности на МОТ, да се обезбеди соодветна поддршка и на друг начин да се унапредат стратегиските цели на МОТ. Тоа се врши во консултација

со репрезентативните национални и меѓународни организации на работници и на работодавачи.

Б. Истовремено, земјите-членки имаат клучна одговорност да придонесуваат, преку нивната социјална и економска политика, во реализирањето на глобалната и интегрирана стратегија за спроведување на стратегиските цели што ја вклучуваат Агендата за пристојна работа, наведена во Дел I од оваа Декларација. Спроведувањето на Агендата за пристојна работа на национално ниво ќе зависи од националните потреби и приоритети и ќе зависи од земјите-членки, во консултации со репрезентативните организации на работници и на работодавачи, да одредат како ќе ја реализираат таа одговорност. За таа цел, меѓу другото, може да се земат предвид следните чекори:

(i) донесување на национална или регионална стратегија за пристојна работа или двете, насочени кон приоритетите за интегрирано спроведување на стратегиските цели;

(ii) воспоставување на соодветни показатели или статистички податоци, доколку е неопходно со помош на МОТ, за следење и оцена на напредокот;

(iii) преглед на нивната ситуација во однос на ратификацијата или спроведувањето на инструментите на МОТ, во насока на постигнување на поголема покриеност на секоја од стратегиските цели, со посебен акцент на инструментите класифицирани како суштински стандарди за трудот, како и оние што се сметаат за најзначајни од аспект на управувањето што ги покрива трипартитноста, политиката за вработување и трудовата инспекција;

(iv) преземање соодветни чекори за соодветна координација на ставовите што се земаат во име на засегнатите земји-членки во односните меѓународни форуми и сите чекори што може да се преземат во согласност со оваа Декларација;

(v) унапредување на одржливите претпријатија;

(vi) каде што е соодветно, размена на национални и регионални добри практики стекнати преку успешно спроведување на националните или регионалните иницијативи со елемент на пристојна работа; и

(vii) обезбедување на билатерална, регионална или мултилатерална основа, колку што дозволуваат ресурсите, за соодветна поддршка на напорите на другите земји-членки за ефектуирање на принципите и целите наведени во оваа Декларација.

B. Други меѓународни и регионални организации со мандат во тесно поврзаните области може да имаат важна улога во спроведувањето на интегрираниот пристап. МОТ треба да ги повика во унапредувањето на пристојната работа, имајќи предвид дека секоја агенција ќе има целосна контрола врз својот мандат. Бидејќи политиките за трговскиот и финансискиот пазар имаат влијание врз вработувањето, задача на МОТ е да го процени влијанието врз вработувањето за да се постигне целта на поставување на вработувањето во фокусот на економските политики.

## III. Завршни одредби

A. Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот ќе осигури дека сите земји-членки се известени за оваа Декларација и преку нив, сите репрезентативни организации на работодавачи и на работници, меѓународните организации со надлежност во поврзаните области, на меѓународно и регионално ниво, како и субјектите што може да ги утврди Раководниот орган. Владите, како и организациите на работодавачи и на работници на национално ниво, ќе известуваат за Декларацијата на сите релевантни форуми каде што ќе учествуваат или ќе бидат застапени, или на друг начин ќе ги известат другите засегнати субјекти.

Б. Раководниот орган и Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот имаат одговорност за воспоставување на соодветни модалитети за експедитивно спроведување на Дел II од оваа Декларација.

В. Во случај Раководниот орган да смета дека е соодветно, и во согласност со модалитетите што ќе се воспостават, влијанието на оваа Декларација, а особено чекорите што се преземаат за унапредување на спроведувањето, ќе бидат предмет на ревизија од страна на Меѓународната конференција на трудот, во насока на процена на можните активности.

# АНЕКС

# НАДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕКЛАРАЦИЈАТА

## I. Севкупна намена и опсег

А. Целта на ова надополнување е да се посочат средствата, со коишто Организацијата ќе им помага на земјите-членки во нивните напори за реализација на нивните заложби за остварување на четирите стратегиски цели, од суштинско значење за спроведувањето на уставниот мандат на Организацијата.

Б. Ова надополнување има за цел да овозможи целосна примена на сите средства за делување што се во согласност со Уставот на МОТ заради исполнување на својот мандат. Некои од мерките за помош на земјите-членки вклучуваат и приспособување на постојните модалитети за примена на член 19, став 5(д) и 6(г) од Уставот на МОТ, без притоа да се зголемат обврските на земјите-членки на известување.

## II. Активности на Организацијата за помош на земјите-членки

*Администрација, ресурси и надворешни односи*

А. Генералниот директор ќе ги преземе сите неопходни чекори, вклучувајќи го и доставувањето предлози до Раководниот орган, за обезбедување средства со коишто Организацијата ќе им помогне на земјите-членки во нивните напори во рамки на оваа Декларација. Таквите чекори ќе вклучуваат ревизија и приспособување на институционални практики и управување

на МОТ, како што е наведено во Декларацијата, кон потребите, со цел да се осигури:

(i) кохерентност, координација и соработка во рамки на Меѓународната канцеларија на трудот заради ефикасно работење;

(ii) градење и одржување на политичкиот и оперативниот капацитет;

(iii) ефикасно и ефективно искористување на ресурсите, процесите на управување и институционалните структури;

(iv) соодветна база на надлежности и знаење и ефикасна раководна структура;

(v) унапредување на ефикасните партнерста во рамки на Обединетите нации и мултилатералниот систем за зајакнување на оперативните програми и активности на МОТ или на друг начин унапредување на целите на МОТ; и

(vi) утврдување, ажурирање и унапредување на списокот со стандарди што се најважни од аспект на управувањето.[1]

*Разбирање и одговарање на реалноста и потребите на земјите-членки*

Б. Организацијата ќе воведе шема на постојани дискусии на Меѓународната конференција на трудот, врз основа на модалитетите што се одобрени од страна на Раководниот орган, без повторување на механизмите на МОТ за надзор, со цел:

(i) подобро разбирање на различната реалност и потреби на земјите-членки во однос на секоја од стратегиските цели, поефикасно справување со нив, користење на сите расположливи средства за делување, вклучувајќи ги и актив-

[1] Конвенција за инспекцијата на трудот, 1947 година (бр. 81), Конвенцијата за политиката за вработување, 1964 година (бр. 122), Конвенцијата за инспекцијата на трудот (земјоделство), 1969 година (бр. 129) и Конвенцијата за трипартитни консултации (меѓународни стандарди на трудот), 1976 година (бр. 144) и стандардите што се утврдени во последователно ажурираните списоци.

ностите поврзани со стандардите, техничката соработка и техничкиот и истражувачкиот капацитет на Канцеларијата и соодветно приспособување на приоритетите и програмите за делување; и

(ii) процена на резултатите од активностите на МОТ во насока на известување на програмата, буџетот и одлуките за управување.

*Техничка помош и советодавни услуги*

B. На барање на владите и репрезентативните организации на работници и на работодавачи, Организацијата ја обезбедува потребната помош во рамки на својот мандат, за поддршка на напорите на земјите-членки за спроведување на стратегиските цели преку интегрирана и кохерентна национална или регионална стратегија, вклучително и:

(i) со зајакнување и насочување на активностите од техничката соработка во рамките на националните програми за пристојна работа и во рамките на системот на Обединетите нации;

(ii) со обезбедување општа експертиза и помош што секоја земја-членка може да ја побара за целите на донесување на национална стратегија и барање иновативни партнерства за имплементација;

(iii) со развивање на соодветни алатки за ефикасно оценување на постигнатиот напредок и оцена на влијанието на другите фактори и политики врз напорите на земјите-членки; и

(iv) задоволување на посебните потреби и капацитети на земјите во развој и на репрезентативните организации на работници и на работодавачи, преку мобилизирање на ресурсите.

*Истражување, прибирање и размена на информации*

Г. Организацијата ќе преземе соодветни чекори за зајакнување на истражувачкиот капацитет, емпириското знаење и разбирање на меѓусебната интеракција на стратегиските цели и придонесување кон социјален напредок, одржливи претпријатија, одржлив развој и искоренување на сиромаштијата во глобалната економија. Овие чекори може да вклучуваат трипартитна размена на искуства и добри практики на меѓународно, регионални и национално ниво во рамките на:

(i) *ad hoc* студиите спроведени со доброволна соработка со владите и репрезентативните организации на работодавачи и на работници во засегнатите земји; или

(ii) секоја заедничка шема, како што се оценските ревизии што заинтересираните земји-членки може да ги воспостават или да се приклучат на доброволна основа.

## III. Оцена од страна на Конференцијата

А. Влијанието на Декларацијата, особено во поглед на унапредувањето на целите и насоките на организацијата меѓу земјите-членки, преку интегрирано спроведување на стратегиски цели, ќе биде предмет на оцена од страна на Конференцијата, коешто може повремено да се повторува во рамки на соодветната точка од агендата.

Б. Канцеларијата ќе изготви извештај до Конференцијата за оцена на влијанието на Декларацијата, којшто ќе содржи информации за:

(i) преземените активности или чекори, како резултат на оваа Декларација, коишто може да ги обезбедат трите страни преку службите на МОТ, особено во регионите и од другите доверливи извори;

(ii) чекорите преземени од страна на Раководниот орган и канцеларијата за контрола на соодветните прашања за управувањето, капацитетот и знаењето во насока на спроведување на стратегиските цели, вклучувајќи ги програмите и активностите на МОТ и нивното влијание; и

(iii) можното влијание на Декларацијата во однос на другите заинтересирани меѓународни организации.

В. Заинтересираните мултилатерални организации ќе имаат можност да учествуваат во оценувањето на влијанието и во дискусиите. Другите заинтересирани субјекти може да присуствуваат и да учествуваат во дискусиите на покана на Раководниот орган.

Г. Во врска со оцената, Конференцијата ќе изготви заклучоци за потребата од дополнителни оценувања или за можноста за вклучување во соодветни активности.

Горенаведениот текст е *Декларација на МОТ за социјална правда заради праведна глобализација* донесена од Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот на деведесет и седмата сесија одржана во Женева и заклучена на 13 јуни 2008 година.

КАКО ДОКАЗ НА ТОА потпишана на тринаесетти јуни 2008 година.

*Претседател на Конференцијата,*

ЕДВИН САЛАМИН ЈАЕН

*Генерален директор на Меѓународната организација на трудот,*

ХУАН СОМАВИЈА